Планот е изработен врз основна методологијата, која произлегува од одредбите утврдени согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на Р.Македонија бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16 и 64/18) како и другите подзаконски акти што произлегуваат од него:

- Правилникот за поблиска содржина, форма и начин на обработка на ГУП, ДУП, УПС, УПВНМ, Регулациски план на ГУП, формата, содржината и начинот на обработка на УПД и АУП и содржината, формата, начинот на обработка на Проектот за инфраструктура (Сл. Весник на Р. Македонија бр. 142/15).
- Правилник за начинот на спроведување на постапката за изработување и донесување на Урбанистички планови, регулациски планови на ГУП, Урбанистичко-плански документации и Урбанистичко-проектни документации во електронска форма (Сл.Весник на РМ бр.111/15),
- Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на Р. Македонија бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) како и други законски акти, кои ја допираат оваа област.

Планот се изработува во две фаза, Предлог план и Конечен Предлог План.
Документационата основа е прилог на Планот.

2.ГЕОРГАФСКА И ГЕОДЕТСКА МЕСТОПЛОЖБА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

Планскиот опфат е линиски симбол кој е изразен во графичкиот дел од планот и претставува затворена линија што го опкружува подрачјето за кое ќе се изработува Измената и дополна на Детален урбанистички план за дел од Блок41 со кој се врши уредување и користење на просторот во планскиот опфат на град Струмица.
Дел од Блок 41, согласно ГУП за град Струмица со својата местоположба припаѓа на Урбаната единица бр.5 и е со следната граница на планскиот опфат.
Опис на планскиот опфат:

- како почетна точка на планскиот опфат е земен кружниот ток помеѓу Магистралната улица бр.15а кон запад, улица Климент Охридски кон исток и собирната улица Ленинова кон југ. Од тамо по целата источна страна оди кон југ до следната раскрсница каде врти кон западната страна по сервисната улица “Цветан Димов” се до следната изведена раскрсница. Од тука опфатот оди кон северо-исток по станбената улица Новопланирана бр.1, врти кон северо-запад по станбена улица Новопланирана бр.2 се до планираната раскрсница со индустриската улица Новопланирана бр.3. Од раскрсницата оди по осовината на индустриската улица Новопланирана бр.3 кон југо-запад се до раскрсницата со сервисната улица Цветан Димов. Од оваа разделна точка опфатот оди кон запад до следната новопланирана раскрсница со собирната улица бр.15. Од тука опфатот оди кон северо-исток по отворен канал до

планирана раскрсница по ГУП со магистралната улица бр.15а и завршува кон исток по осовина на магистралната улица бр.15а до кружнуот ток.

Опфатот за ДУП за дел од Блок 41, КО Струмица, Општина Струмица е со површина од 80793.98м2 (8,07ха) и периметар од 2065.23м'.

3.ПЛАНСКИ ОДРЕДБИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ ОД ГУП ЗА ОВОЈ ПРОСТОР

Според ГУП за град Струмица на овој простор се задржува намената која е планирана, а тоа е домување, стопанство и инфраструктура

Овие параметри се составен дел на Измени и доплнувања на ГУП за град Струмица и се правец за поквалитетно спроведување и реализација на истиот. Истите се поделени на групи и тоа:

1. Градежни линии;
2. Регулациони линии;
3. Организација на градот на урбани единици и урбани блокови со: граници, намена, максимални висини, процент на изграденост, коефициент на искористување и дозволени висини;
4. Мерки за заштита и специфични одредби за уредување на урбани блокови;
5. Генерални водови од инфраструктура;
6. Сообраќајна инфраструктура;
7. Мерки за уредување на просторот покрај водотеци, езера и акумулации;
8. Мерки од аспект на заштита на животната средина;
9. Мерки за засолнување и заштита од пожари;
10. Мерки за уредување на спомениците на културата и археолошки локалитети;
11. Мерки за создавање услови за движење на хендикепирани лица;
12. Урбано санациони мерки;
13. Мерки за користење на објектите од околниот простор;

1. Градежната линија е линија која ја определува површината за изградба на објекти. Истата е назначена во планот и е во согласност со Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник 51/05).

На одредени улици истата се поклопува со регулационата линија, што пак е во согласност со истиот закон. Тоа е прикажано во графичкиот прилог бр.2 "Синезен графички приказ на плански решенија".

2. Регулациона линија е линија која ја разграничува различни намени на земјиштето. Истат го определува коридорот кој е ангажиран за јавно прометна површина. Со истата се поставени и коридорите на уличната мрежа.

3.Организација на градот на урбани единици и урбани блокови со: граници, намена, максимални висини, процент на изграденост, коефициент на искористување и дозволени висини.

Градот Струмица е организиран во 9 урбани единици, кои се поделени на урбани блокови со која поделба полесно ќе се реализира планот со натамошна изработка на Детални урбанистички планови.

4. Мерки за заштита и специфични одредби за уредување на урбани блокови;

Урбана единица 5 - зафаќа 160,09 ха, а во неа се живеат 2.985 жители од што произлегува бруто густина од 18,65ж/ха.

Во оваа урбана единица покрај домувањето, а во функција на жителите на оваа населба постојат и: предучилишна детска установа К-2, основно училиште, средноучилиште - гимназија, парковско зеленило спорт и рекреација, АРМ, пензионерски дом, простор со специјална намена со П=22,80ха, затвор, семејни куќи и посебно простор за стопанство.

Се прогнозира дека на овој простор со површина од 239,09 ха ќе живеат 4.990 жители и просечната бруто густина ќе изнесува 20,87ж/ха.

УЕ - 5 ја сочинуваат 13 урбани блока.

Табела бр. 8: Намена на површини во рамките на урбаната единица и урбаниот блок:

УРБАНА ЕДИНИЦА 5					
Бр. На УБ П (ха)	**Постојна намена на површини**	**Планирана намена на површини**	**% према намена**	**К према намена**	**Висина према намена**
УРБАН БЛОК 36 27,30	Специјална намена	Заеднички објекти, комерцијални објекти, јавни објекти и спорт	60% 70%	1,6 2,0	14,7 19,0
УРБАН БЛОК 37 19,40	Семејни куќи, АРМ, основно училишта, средно училиште и парковско зеленило	Јавни објекти, заеднички објекти и семејни куќи	60% 70%	1,6 2,0	10,0 19,0

УРБАН БЛОК 37/1 8,31	Семејни куќи, АРМ, детска градинка, зеленило	Јавни објекти, семејни куќи и парковско зеленило	60% 70%	1,6 2,0	10,0 19,0
УРБАН БЛОК 38 27,21	Спорт и рекреација, предучилишна детска установа, пензионерски дом, комунални дејности и парковско зеленило со спорт И рекреација	Потврдени сите намени од постојно плус семејни куќи	60% 70%	1,6 2,0	10,0 14,7 19,0
УРБАН БЛОК 39 23,62	Слободна површина	Семејни куќи	60%	1,6	10,0
УРБАН БЛОК 39/1 11,17	Слободна површина	Семејни куќи	60%	1,6	10,0
УРБАН БЛОК 40 15,52	Стопанство+семејни куќи	Семејни куќи, казнено поправен дом, МВР	60%	1,6	10,0
УРБАН БЛОК 40/1 14,42	Семејни куќи, јавни објекти	Потврдени сите намени од постојно	60% 70%	1,6 2,0	10,0 19,0
УРБАН БЛОК 40/2 16,77	Слободна површина	Семејни куќи	60%	1,6	10,0
УРБАН БЛОК 41 16,73	Комунални дејности, стопанство, семејни куќи	Стопанство, семејни куќи, заеднички објекти, комерцијални објекти	60% 70%	1,6 2,0 3,0	10,0 12,0 14,7 21,0
УРБАН БЛОК 41/1 16,14	Комунални дејности, стопанство, семејни куќи	Семејни куќи	60%	1,6	10,0
УРБАН БЛОК 41/2 12,50	Комунални дејности, стопанство, семејни куќи	Заеднички објекти,	60%	1,6	19,0
УРБАН БЛОК 42 30,00	Стопанство и сервиси	Стопанство	70%	3,0	12,0
ВКУПНА ПОВРШИНА НА УРБАНА ЕДИНИЦА 5 = 239,09ха					

Со проекцијата се потврдуваат постојните локации и се предвидуваат нови локации за: стопанство , бензинска станица, заеднички објекти, црква, казнено поправен дом П=0,6 ха, старечки дом П=1,9 ха, полициска станица П=0,75 ха, а на локација од 23 ха предвидени се: центар за детско творештво, младински дом, библиотека, кино и театар, локација за основно училиште заедно со детска градинка П=1,8 ха, средно училиште

6. Сообраќајна инфраструктура

При изработката на измени и доплнувања на ГУП за град Струмица се имаше во предвид дека голем процент од уличната мрежа (околу 80%) е изградена и е во функција, а за одредени простори има и главни проекти по кои се работи т.е. работите се во тек.

Под сообраќајна инфраструктура се подразбираат:

-улична мрежа со автобуски станици и други сообраќајни објекти и површини:

-железничка пруга.

Според значењето улиците се делат на:

- магистрални,
- собирни и
- сервисни.

Изградбата и осовременувањето на уличната мрежа мора да биде во согласност со позитивните технички прописи во секторот на нискоградбата, а врз база на претходно изработени главни проекти кои мораат да се базираат на концепциите на урбанистичкиот план (ГУП и ДУП) и одредбите за нивно спроведување.

Попречните профоли на улиците се дадени во сообраќајното решение на Измените и дополнувањата на ГУП.

При изработка на главни проекти на улиците или делниците на улиците што имаат променливи попречни профили, првенствено мора да се води сметка да се обезбедуваат што поповолни ширини на коловозите, а потоа и на другите елементи од регулационите профили.

Автобуската станица за меѓумесен сообраќај се предвидува на нова локација во непосредна близина на железничката.
Потврдена е локација за депо за товарни возила, автобуси и приклучни возила- терминал.

Стационарниот сообраќај т.е. прашањето за обезбедување на паркирни и гаражни места е обврска на локалната самоуправа и на сите корисници на земјиштето во рамките на урбаното подрачје.
Паркирните и гаражните места можат да бидат јавни или за потребите и во владение на поедини корисници на градскиот простор.
На магистралните улици е забрането паркирање на возила.
Јавно паркирно или гаражно место е наменето за било кое патничко возило под услови што ги опредлува надлежниот орган на локалната самоуправа. Јавните паркирни и гаражни места се дел од јавните сообраќајни површини.
Сите останати паркирни и гаражни места се наменети за потребите на субјектите во чие владение се наоѓаат, за потребите на нивните деловни соработници и други корисници, и не се сметаат за дел од јавните сообраќајни површини.

Градбата и условите за експлатација на јавните паркирни и гаражни места е обврска и право на локалната самоуправа.
Обврската од претходниот став на локалната самоуправа на градот, под одредени услови, може да ја пренесе на трето лице.

Во рок од 1 година по донесувањето на планот, локалната самоуправа со посебна одлука ќе определи поименично кои од постојните паркинзи во градот ќе бидат јавни, како и условитеза користење и управување со нив.

Градбата на нови јавни паркинзи и гаражи ќе се врши според детални урбанистички планови и тоа првенствено во централното градско подрачје и неговата што поблиска околина. Реални услови за градба на нови јавни паркинзи и гаражи постојат во рамките на двата плоштада.
Градбата на останатите паркирни и гаражни места е обврска на инвеститорот што гради објект.

Обврската се подмирува во рамките на расположивата парцела. Ако во парцелата нема доволно површина, условот за обезбедување на паркирни или гаражни места ќе се бара во состав на габаритот на објектот. При тоа мора да се води сметка за одредбите во Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот (Сл. весник на РМ бр. 2/02).

Освен јавните паркирни и гаражни места, локалната самоуправа не презема обврска да гради паркирни или гаражни места за потребите на поединичните корисници на градскиот пазар.

7. Мерки за уредување на просторот покрај водотеци, езера и акумулации

- При изработка на ДУП и урбанистички проекти за комплекси да се постапи по поглавје 4 од Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот, односно член 42, 43, 44 и 45.

8. Мерки од аспект на заштита на животната средина

При изработка на ДУП и урбанистички проекти за комплекси да се применува Законот за заштита и унапредување на животната средина и природа (Сл. весник на РМ бр. 13/03) и постапи по поглавје 5 од Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот (Сл. весник на РМ бр. 2/02), односно член 46, 47, 48, 49, 50, 51 и 52.

Исто така да се примени и останатата правна легислатива која ја регулира областа на заштита на животна средина за изработка на урбанистичките планови а тоа се:
Закон за животна средина (Сл. весник на РМ бр. 53/05).
Закон за квалитет на амбиенталниот воздух (Сл. весник на РМ бр. 67/04).
Закон за управување со отпад (Сл. весник на РМ бр. 68/04).
Закон за спречување на штетна бучава (Сл. весник на РМ бр. 21/84).
Закон за заштита и спасување (Сл. весник на РМ бр. 36/04).
Закон за води (Сл. весник на РМ бр. 4/98).
Уредба за класификација на водите (Сл. весник на РМ бр. 18/99).

9. Мерки за засолнување и заштита од пожари

При изработка на ДУП и урбанистички проекти за комплекси да се почитува Закон за заштита и спасување (Сл. весник на РМ бр. 36/04) и да се постапи по поглавје 6 од Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот, односно член 53, 54, 55, 56 и 57 (Сл. весник на РМ бр. 2/02).

10. Мерки за уредување на спомениците на културата и археолошки локалитети - заштитно козерваторски услови

При изработка на Измени и дополнувања на ГУП за град Струмица се почитува Закон за заштита на културно наследство (Сл. весник на РМ бр. 20/04) и да се постапи по поглавје 7 од Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот (Сл. весник на РМ бр. 2/02), односно член 58, 59 и 60.

Во тој поглед е користен "Експертен елаборат за заштита на културното наследство" во кој е дадена Инвентаризација на недвижност на културно наследство од посебно значење, изготвен од Завод музеј на град Струмица. Сите објекти по улица и број и по катастарска парцела се дадени во текстуалниот дел од планскиот документ, како и означени со посебна шрафура во графичкиот прилог бр.2 "Синтезен приказ на плански решенија".
Во текстуалниот дел се дадено подетално , а тоа се следните објекти:
1. Црква Св. Петнаесет (КП 5436 и 5437 со површина на КП од 3.307м^2) ул. "Славчо Стојменски".
2. Црква Свети Кирил и Методи (КП 4360 со површина на КП од 2.004м^2) ул. "Кирил и Методи".
3. Цареви кули (КП 7888 и 7889 со површина на КП од 162м^2).

4. Споменички комплекс Орта џамија(КП бр.3862, 3863 и 3976)
5. Собрание Струмица (КП бр.5300 и 3742 со површина на КП од 1225,0м^2) на ул"Маршал Тито" и ул. "Охридска"
6. Куќа (КП бр.4427 со површина на КП од 179,0м^2) на ул. "Тодор Чучков"
7. Куќа (КП бр.4653 со површина на КП од 380,0м^2) на ул. "Кирил и Методи"
8. Куќа (КП бр.4343 со површина на КП од 360,0м^2) на ул."Стив Наумов"
9. Куќа (КП бр.1223 со површина на КП од 134,0м^2) на ул. "Маршал Тито"
10. Куќа (КП бр.4264 со површина на КП од 113,0м^2) на ул."Тошо Арсов´.
11. Со цел да архитектонските објекти кои имаат вредни историски амбиентални вредности бидат заштитени, а кои исто така претставуваат недвижно културно наследство во периодот на дваесетите години, просторот во централното градско подрачје т.е. ул. "Маршал Тито" во Струмица се става под заштита и тоа: од десната страна на улицата опфаќајќи ги објектите со бр. 2 на ул. "Ленинова", до бр. 2-в на ул."Ванчо Прке" и од левата страна на ул. "Маршал Тито", почнувајќи од објектот со бр. 5-а до бр. 35-б.

Ојектите што се на ул. "Маршал Тито" се настанати во релативно краток временски период од 5-6 год. со градење на куќи и дуќани на збогатените трговци и занаетчии по оправањето на Струмица од пожарот 1912-1913год, кога била скоро целосно уништена. Објектите се рефлексија на современите архитектонски движења во тој период. Преовладуваат неокласицистички стилови, на сецесијата, квалитети сведени на локални можности. Вредноста на улицата се зголемува и со фактот што неповратно исчезнале амбиентите и ансамблите од народнатаархитектура, па ул. "Маршал Тито" поволна можност за зачувување на континуитетот за развојот на градот.

Табела бр.14 Објекти под заштита

ред. Бр.	АДРЕСА	СОПСТВЕНОСТ	К.П.	Површина м^2
1	Дуќан на ул."Маршал Тито" бр21	Петре Шекерџиев	1717/1	397
2	Дуќан на ул."Маршал Тито" бр23	Атанас Алтанџиев	1718	18
3	Дуќан и куќа на ул."Маршал Тито" бр19	Циколов Б.Васил	1716	131
4	Дуќан на ул."Маршал Тито" бр17	Александар Пиљафов	1713	311
5	Дуќан на ул."Маршал Тито" бр13	Спасов Љубомир	1712	91
6	Дуќан на ул."Маршал Тито" бр11	Шарламанов Петар	1711/2	93
7	Дуќан на ул."Маршал Тито" бр 9	Шарламанов Панже	1711/1	100
8	Дуќан на ул."Маршал Тито" бр 7	Спасов Љубомир	1710	131
9	Куќа на ул."Маршал Тито" бр 5	Собрание на општина	1708	147
10	Дуќан на ул."Маршал Тито" бр 3-а	Донев Никола	1706	116
11	Дуќан на ул."Маршал Тито" бр 3-б	Донева Живка	1705	/
12	Дуќан на ул."Маршал Тито" бр 1	Кољев Ристо	1704	/
13	Куќа на ул."Маршал Тито" бр 6	Јанева Светлана	2913	135
14	Дуќан на ул."Маршал Тито" бр 10	Чачев Кочо	2911	100
15	Дуќан на ул."Маршал Тито" бр 12	Чачев Васил	2910	75
16	Куќа на ул."Маршал Тито" бр 14	Манчев Димитар	2909	100
17	Куќа на ул."Маршал Тито" бр 16	Стоилова Анета	2908	90
18	Куќа на ул."Маршал Тито" бр 18	Милчев Ристо	2905	135
19	Куќа на ул."Маршал Тито" бр 20	Танчев Димитар	2904	140
20	Куќа на ул."Маршал Тито" бр 22	Манчев Борче	2903	135
21	Куќа на ул."Маршал Тито" бр 24	Манчев Сократ	2909	165
22	Куќа на ул."Маршал Тито" бр 26	Собрание на општ. Струмица	2900	364
23	Куќа на ул."Маршал Тито" бр 28	Наков Ристо	2898	326
24	Куќа на ул."Маршал Тито" бр 18-а	Андонов Никола	2898	/
25	Дуќан на ул."Маршал Тито" бр28-б	Гогов Никола	2898	/
26	Куќа на ул."Маршал Тито" бр 30	Собрание на општина	2894	461
27	Куќа на ул."Маршал Тито" бр 32	Костуранов Славчо	2893	456
28	Куќа на ул."Маршал Тито" бр 34	Атанасов Васил	2890	577
29	Куќа на ул."Маршал Тито" бр 36	Станболиева Тинка	2889	256
30	Куќа на ул."Маршал Тито" бр 38	Собрание на општина	2888	331
31	Куќа на ул."Маршал Тито" бр 40	Јанев Стевчо	9881	176
32	Куќа на ул."Маршал Тито" бр 31	Ефтимов Михаил	1755/1	/
33	Дуќан на ул."Маршал Тито" бр 31		1755/2	42
34	Куќа на ул."Маршал Тито" бр 7	Василева Мича		
35	Куќа на ул."Маршал Тито" бр 25-а	Василева Марика		
36	Куќа на ул."Маршал Тито" бр 25-б	Ќосев Коста		
37	Куќа на ул."Маршал Тито" бр 25-а	Ќосев Јосиф		
38	Куќа на ул."Маршал Тито" бр 27	Темков Кочо		
39	Куќа на ул."Маршал Тито" бр 15	Пиљафова Марика		
40	Куќа на ул."Маршал Тито" бр 2	МК "Герас Цунев"		

41	Куќа на ул."Маршал Тито" бр 4	Христов Ристо		
42	Куќа на ул."Маршал Тито" бр 35	Анчев Васил		
43	Куќа на ул."Маршал Тито" бр 33	Собрание на општ. Струмица		
44	Куќа на ул."Маршал Тито" бр 29	Темелков Томе		
45	Куќа на ул."Ванчо Прке" бр 2	Микев Андон		
46	Феудална кула на ул."Охридска" бб	Собрание на општ. Струмица	5300/2	45

Исто така да се користи Инвентарот на Регистрирани недвижни споменици на културата, археолошката карта на Р Македонија.

11. Мерки за создавање услови за движење на хендикепирани лица

При изработка на ДУП и урбанистички проекти за комплекси да се постапи по подлавје 8 од Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот, односно член 61, 62, 63, 64, 65, 66 и 67.

Према истиот, при изработка на сите урбанистички планови треба да се овозможат плански мерки за непречено движење на хендикепирани - инвалидизирани лица. При тоа на јавните пешачки површини, улиците, пристапите во сите видови на објекти, не смее да постои препрека за движење со инвалидски помагала.

12. Урбано санациони мерки

При изработка на ДУП, урбанистички проект и при издавање на услови за градба, а заради обезбедување на елементарни услови за живеење во објектите, се дава можност постојните објекти да бидат санирани према Правилникот за начин и постапка за применување на урбано санациони мерки (Сл. весник на РМ бр. 2/02).

13. Мерки за користење на објектите од околниот простор

При изработка на ДУП и урбанистички проекти за комплекси да се постапи по поглавје 9 од Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот (Сл. весник на РМ бр. 2/02), односно член 68; 69; 70; 71 и 72.

На просторот што го зафаќа Блок 41 нема културно - историско наследство.

4.ПЛАНСКА ПРОГРАМА

Планската програма е прилог кон оваа документација и е дадена во изворна форма заверена од комисијата за урбанизам и градоначалникот на Општина Струмица.

5.ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИ КОНЦЕПТ

Овој плански документ има задача, врз основа на деталната анализа на постојната состојба и дефинираните цели на развојот да ги детерминира насоките на перспективниот развој согласно насоките од измени и дополнувања на ГУП за град Струмица.

Деталниот урбанистички план за Измена и дополнување на дел од Блок 41, преку документационата основа (Анализа на постојната состојба и можностите за просторен развој) со планска определба треба да воспостави единствен урбанистички и сообраќаен концепт, реален во своите постапки со кои ќе се овозможи крајната цел - реализација на планот.

Докуметационата основа претставува основен појдовен елемент во методолошкиот процес на истражување и истата ќе послужи како основа за изработка на Измената и дополна на Деталниот урбанистички план.

Планската документација треба да го продолжи процесот на урбанизација на овој простор со тоа што бјектите кои се изградени може да се задржат. Истите се релативно нови и градени со употреба на современи материјали и технологии и истите функционално одговраат на современите потреби на денешното живеење. Истите се градени со градежно одобрение кое одговара на законската регулатива важечка за тој период.

Овие градби се во планирана површина за градба, а во согласност со **Законот за просторно и урбанистичко планирање** (Сл. Весник на Р.Македонија бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) како и другите подзаконски акти што произлегуваат од него:

Правилникот за поблиска содржина, размер и графичка обработка на урбанистичките планови (Сл. Весник на Р. Македонија бр.142/15).
Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на Р. Македонија бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18), како и другата законска регулатива што го допира планирањето на просторот.

6.ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИ РЕШЕНИЈА ЗА ИЗГРАДБА
НАМЕНА НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Намена на градежното земјиште во дел од Блок 41 е:
1. група на класи на намена "А"-домување;
2. група на класи на намена "Г"-производство, дистрибуција и сервиси;
3. група на класи на намена "Е"-инфраструктура;
4. група на класи на намена "Д"-зеленило, спорт, рекреација.

Со планскиот концепт на предметниот простор да се предвидат следните класи на намени:

А2 домување во станбени згради ги опфаќа сите видови на станбени, станбено-деловни и станбени згради со резиденцијални станови како: самостоечки, блоковски низи, терасести и слично;

Г2 лесна и незагадувачка индустрија во која влегуваат сите видови производство кои не побаруваат многу енергија, не создаваат голем промет на суровини, материјали и сообраќај и не произведуваат штетни еманации;

Г3 сервиси од секаков вид;

Г4 стоваришта и сите видови на магацински простори;

Е1 комунална инфраструктура во која спаѓаат:
- сообраќајна инфраструктура: улична мрежа, железничка пруга, индустриски колосеци и сл;
- водоводна и канализациона инфраструктура;
- енергетска и телекомуникациска инфраструктура;

Е2 комунална супраструктура во која спаѓаат градби на комуналната инфраструктура како: терминали од секаков вид, аеродроми, гранични премини, катни гаражи, бензински пумпни станици и услужни центри, мерни станици, трафостаници до 20кв, градби за производство на енергија, резервоари за вода, противпожарни домови и сл;

Д1 парковско зеленило во кое спаѓаат сите видови на уредени парковски површини;

Д2 заштитно зеленило во кое спаѓаат уредени зелени површини чија основна намена е да ги изолираат зоните со инкомпатибилни намени и имаат улога на тампон зони;

Со планските решенија се планира дефинирање на основните класи на намени и компатибилните класи на намени на основната класа на намена во границите на дозволениот процент (%) на учество на единичната класа на намена во однос на основната класа на намена во планот.

Како компатибилна класа на намена на основната класа на намена **А2 домување во станбени згради**, се планирани:
- Б1- мали комерцијални и деловни намени со макс. дозволен процент на учество од 20%

- Б2-големи трговски единици со макс. дозволен процент на учество 30%
- Б4-деловни простори со макс. дозволен процент на учество 20%
- Б5 - хотелски комплекси со макс. дозволен процент на учество 15%
- В3 –култура, со макс. дозволен процент на учество од 30%
- В4-држани институции, со макс. дозволен процент на учество од 10%
- Д3– спорт и рекреација со макс. дозволен процент на учество 30%

  Вкупно дозволен процент на компатибилната класа на намена во однос на основната класа на намена А2-домување со станбени згради изнесува максимум до 40%.

Како компатибилна класа на намена на основната класа на намена **Г2-лесна и незагадувачка индустрија, Г3-сервиси и Г4-стоваришта** се планирани:

Б1-мали комерцијални и деловни намени со макс. дозволен процент на учество од 30%;

Б2-големи трговски единици со максимален дозволен процент на учество од 30%;

Б4-деловни простори со макс. дозволен процент на учество 10%;

Вкупно дозволен процент на компатибилната класа на намена во однос на основната класа на намена Г2, Г3 и Г4 изнесува максимум до 49%.

6.1.БИЛАНС НА ПОВРШИНИ

Од извршените анализи при планирањето за планскиот развој и од анализата на постојната состојба за предметниот простор дел од Блок 41 се добиваат следните билансни податоци:

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА НИВО НА ОПФАТ

Намена	површина на парцели м²
Г2 лесна и незагадувачка индустрија Г3 сервиси Г4 стоваришта	10099.9
А2-домување во станбени згради	43767.56
Е1-комунална инфраструктура	24,062.17
Е2-комунална супраструктура	181.12
Д2-заштитнозеленило	2683.23
Вкупно:	80793.98

6.2.ДОМУВАЊЕ

На овој простор со ГУП се предвидува класа на намена:

А2-домување во станбени згради

Г2-лесна и незагадувачка индустрија

Г3-сервиси

Г4-стовариште

Поголем процент од просторот е неуреден и на истиот се предвидуваат градби наменети за домување во станбени згради.

Во наредните 5 години од планскиот период се предвидува зголемување на бројот на жители и потреба од станбена изградба.

Просторните можности и следењето на Законската регулатива (према ГУП) овозможуваат изградба на станбени згради кои ќе овозможат максимален број на станбени единици.

1	Вкупно жители	1.250
2	Вкупно домаќинства	345
3	Вкупно станови	345
4	Просечен број на членови во семејство	3,6
5	Бруто густина на населеност	142ж/ха
6	Нето густина на населеност	303ж/ха
7	Станбен простор по жител	32,0м²/ж
8	Процент на изграденост на просторот	45,0%
9	Коефициент на искористеност на просторот	1,83
	Вкупнна површина на дел од блок 41	8,07ха

Според планирањето и со запазување на законската регулатива се добиваат следните податоци:

Вкупен број на жители ----------1250жители(32м²)
Вкупен број на домаќинства ----------345домаќинства
Просечна структура на домаќинствата ----------3,6члена
Вкупна површина на градежни парцели ---------- 54 048 м²
Вкупна површина за градење ---------- 22 115,84 м²
Вкупна развиена површина за градење ---------- 118 757,52 м²
Површина на дел од Блок 41 ---------- 80 793.98м²
Густина на домувањето бруто ----------142 ж/ха
Густина на домувањето нето ----------303 ж/ха

6.3.СООБРАЌАЈ

Предметниот простор, односно дел од Блок 41 за кој се планира и уредува градежното земјиште со изброткa на Измена и дополнување на детален урбанистички план, веќе има изработено ДУП во 2009 година во кој е дефинирана сообраќајната поврзаност, како и системот на улици во опфатот. Со оваа измена и дополнување на ДУП за дел од Блок 41, дел од уличната мрежа се задржува и е следната:

Изградена улична мрежа

<u>Магистрални улици според ГУП</u>

Улица бр."15а" со профил А1-А1

Профилот на оваа улица е:

- три коловозни ленти со ш=2,5м
- тротоари од двете страни со ш=3.0м
- разделно зеленило ш=2.0м

Вкупната димензија на ангажиран простор меѓу две регулациони линии е 23,0м.

Улица Ленинова со профил Б-Б
Профилот на оваа улица е:

- две коловозни ленти со ш=3,25м
- тротоари од двете страни со ш=4.0м
- зеленило од двете страни со ш=1.5м
- разделно зеленило ш=2.0м

Вкупната димензија на ангажиран простор меѓу две регулациони линии е 26,0м.

Собирни улици според ГУП
Улица Бр.15 со профил Д-Д
Профилот на оваа улица е:

- две коловозни ленти со ш=2,75м
- тротоари од двете страни со ш=2.0м
- помошни тротоари од двете страни на каналот со ш=0.5м
- отворен канал ш=6.0м

Вкупната димензија на ангажиран простор меѓу две регулациони линии е 22,0м.

Сервисни улици според ГУП и ДУП
Улица "Цветан Димов"со профил Ж-Ж, е реализирана на лице место според ГУП на градот Струмица (изработен 2006год). Во моментов истата е со профил од 10м. Според ДУП за Блок41 (изработен 2009год) профилот на улицата е 12м, со планирано подолжно паркирање на левата страна долж градскиот стадион. Истиот профил е планиран и во останатиот дел од Блок41, со плански период 2014-2019година, донесен 2020 година. Истиот профил е преземен и со овој детален урбанистички план за дел од Блок 41.
Профилот на оваа улица е:

- две коловозни ленти со ш=3,5м
- тротоари од двете страни со ш=1,5м
- подолжно паркирање со ш=2.0м

Вкупната димензија на ангажиран простор меѓу две регулациони линии е 12,0м.

Новоланирана улична мрежа:
Станбена улица бр. "1", со профил 1-1, се новопланирани уште со претходно изработен ДУП за Блок-41, но не се реализирани, и се дел од планскиот опфат. Профилот на оваа улица е:

- две коловозни ленти со ш=3,5м
- тротоари од двете страни со ш=2,0м

Вкупната димензија на ангажиран простор меѓу две регулациони линии е 11,0м.

Станбена улица бр. "2", со профил 2-2, се новопланирани уште со претходно изработен ДУП за Блок-41, но не се реализирани, и се дел од планскиот опфат. Профилот на оваа улица е:

- две коловозни ленти со ш=3,5м
- тротоари од двете страни со ш=2,0м

Вкупната димензија на ангажиран простор меѓу две регулациони линии е 11,0м.

Индустриска улица бр. “3”, со профил 3-3, е новопланирана уште со претходно изработен ДУП за Блок-41, но не е реализирана, а е дел од планскиот опфат. Профилот на оваа улица е:

- две коловозни ленти со ш=3,5м
- тротоари од двете страни со ш=2,0м

Вкупната димензија на ангажиран простор меѓу две регулациони линии е 11,0м.

Минималните радиуси на хоризонталните кривини кај планираните станбени улици се во границата на дозволените Р=9.0м
Подолжниот наклон на планираните станбени улици е во рамките на дозволеното минимални падови.
Вкупната планирана мрежа на улици, со сите елементи на истата детално се прикажани во графичкиот прилог број 3 од планската документација "Сообраќаен и нивелациски план".
Паркирањето е предвидено да се реши во секоја градежна парцела посебно, според член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).



СЕРВИСНИ УЛИЦИ

ул. "Цветан Димов" - Сервисна улица
карактеристичен попречен профил Ж-Ж (по ДУП)



ул. "Цветан Димов" - Сервисна улица
карактеристичен попречен профил Ж1-Ж1(по ДУП)



СТАНБЕНИ УЛИЦИ

Новопланирана ул. Бр.1
карактеристичен попречен профил1-1(по ДУП)



Новопланирана ул.Бр.2
карактеристичен попречен профил2-2(по ДУП)



ПЕШАЧКИ УЛИЦИ

Пешачка улица
карактеристичен попречен профил4-4(по ДУП)

ИНДУСТРИСКИ УЛИЦИ

Новопланирана ул. Бр.3
карактеристичен попречен профил3-3(по ДУП)



6.4. ХИДРОТЕХНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА

Просторот означен како дел од Блок 41, према ГУП за град Струмица, и за кој има изработено ДУП, а кој е предмет на Измена и дополнување на дел од Блок 41, во делот на хидротехничка инфраструктура состојбата е дадена во делот на документационата основа. Планираната комунална инфраструктура како надградба на постојната треба да обезбеди квалитетно комунално опслужување на предметниот простор на сите ново планирани корисници.

- **Водовод**

Водоснабдувањето во границите на планираниот плански опфат каде што со планскиот концепт се предвидени следните класи на намени:

А2 домување во станбени згради
Г2 лесна и незагадувачка индустрија
Г3 сервиси
Г4 стоваришта
Д2 заштитно зеленило
Е1 комунална инфраструктура
Е2 комунална супраструктура

За дел Блок 41 за кој се избротува детален урбанистички план, се планира решение за водоснабдување, кое ќе биде продолжение на водоснабдувањето од ДУП за Блок 41. При тоа во овој ДУП се планира следното:

- Главиот цевковод за технолошка вода од вештачката акумулација Турија, со профил на цевки: ф-300мм, согласно со податоците добиени од ЈПКД Комуналец-Струмица и нивни стратешки определби на ниво на Општина Струмица, се предвидува на север по должина на собирна улица "бр.15", на североисток на спојот на собирна улица "бр.15" и магистрална улица "бр.15а", заврtува кон југ и се води паралелно со магистрална улица "бр.15а" во новопланираниот зелен појас се до крајот на истиот и потоа продолжува кон југоисток долж улица "Климент Охридски";

- во целост се задржува изградената водоводна мрежа и истата се надополнува со нов систем на водоснабдување дефиниран на просторот, односно коридорите по кој би се градела примарната водоводна мрежа лоцирана по дефинираната улична мрежа од сервисна ул. "Цветан Димов" до индустриска ул. "бр.3", и по новопланираните станбени улици "бр.1" и "бр.2".
- дефинирање на корисниците на водоснабдувањето во согласност со планираниот број на градежни парцели и тоа 8 новопланирани станбени згради и 5 хали за прозводство, дистрибуција и сервиси, односно вкупниот планиран број на жители на предметниот простор од 1250 жители, во планирани 345 станбени единици, односно исто толку домаќинства.
- планираната примарна водоводна мрежа е со цевна мрежа од мин. ф80мм поставени по новопланираната улична мрежа, а поврзани преку водоводната цевна мрежа од ф110мм со примарната водоводна линија од ПВЦ ф110мм поставена по сервисна ул. "Цветан Димов" преку која се врши водоснабдување на просторот дефиниран и уреден со ГУП за Струмица и целосно вклопување во планираното водоснабдување на предметниот простор опфатен со овој ДУП.

Потреби од вода:

Се предвидува дека на овој простор ќе живееат 1250 жители. Усвоена е водоснабдителна норма од 450 л/ден/жител. Со усвоената водоснабдителна норма ќе се покријат потребите од вода за населението, за комерцијално деловните објекти, ќе се покријат потребите за одржувањето на дел од комуналната хигиена.

Потребите од вода ќе изнесуваат:

$Q_{ср/ден} = Q \times N = 450 \times 1250 = 558{,}9$ м^3/ден = 6,4л/сек
$Q_{мах/ден} = Q_{ср/ден} \times a_1 = 558{,}9 \times 1{,}4 = 782{,}5$ м^3/ден = 9,0 л/сек
$Q_{мах/час} = Q_{max/ден} \times a_2 = 782{,}5 \times 1{,}5 = 1.173{,}7$ м^3/ден = 13,5 л/сек
a_1 - коефициент на дневна нерамномерност
a_2 - коефициент на часова нерамномерност

- Фекална и атмосферска канализација

Со панираната комунална инфраструктура за предметниот блок во делот на фекалната и атмосферската канализација се планира задржување на веќе изградената примарна мрежа и нејзина надградба и комплетно ново решение од систем за фекална канализација и надополнување на делот на делумно испланираната атмосферска канализација.
Со планската документација на ниво на детален урбанистички план во делот на фекалната канализација на предметниот простор на ниво на овој плански документ се планира следното:
- дефинирање на просторот, односно коридорите по кои би се градела примарната канализациона мрежа за организирано собирање и одвод на отпадните и фекални води, лоцирана по дефинираната улична мрежа од сервисна ул. "Цветан Димов" до новопланираните улици "бр.1", "бр.2", и "бр.3".
- планираната примарна канализациона мрежа од цевки ф300мм поставени по планираната улична мрежа а поврзани преку канализациона цевна мрежа од ф300мм по улиците со работно име од сервисна ул. "Цветан Димов" до новопланираните улици "бр.1", "бр.2" и "бр.3".
Така ќе се врши организирано собирање и одвод на отпадните и фекални води на просторот за кој се изработува за ДУП за дел од блок 41 и целосно вклопување во организирано собирање и одвод на отпадните и фекални води.

Потреби од техничка вода

Техничката вода ќе се обезбеди од преку системот од акомулацијата Турија и ќе се користи само за комуналната хигиена и полевање на дворните места.
Просечната норма за наводнување на зеленилото изнесува 2.5-4.0 л/ден/м^2, за миење на улици 1.5-2.0 л/сек/м^2.
Усвоена е просечна норма од 3.0л/ден/м^2 (30м^3/ден/ха).
Согласно површината на предметниот дел од блок и горе наведените и усвоени просечни норми, потребите од техничка вода ќе изнесуваат:
- ха 8,4 x 30м^3/ден/ха = 252,0м^3/ден
- ха 8,4 - површина на дел од блок 42.
- 252,0м^3/ден : 24часа = 6,1 м^3/час

Со планските решенија се планира задржување на веќе изградената мрежа за техничка вода со реконструкција и дополнување на истата во согласност од новите потреби за техничка вода на ниво на блок.
Примарната мрежа за техничката вода ќе биде изведена од PE цевки со DN 40мм до DN 140мм на која ќе бидат поставени хидранти за полевање на зеленилото и миење на улиците и пешачките патеки и платоа во зоната на приклучоци за секој двор посебно.

- **Фекална и атмосферска канализација**

Со панираната комунална инфраструктура за предметниот блок во делот на фекалната и атмосферската канализација се планира задржување на веќе изградената примарна мрежа и нејзина надградба и комплетно ново решение од систем за фекална канализација и надополнување на делот на делумно испланираната атмосферска канализација.

Со планската документација - детален урбанистички план во делот на фекалната канализација на предметниот простор на ниво на овој плански документ постои следното:

Во рамките на планскиот опфат во дел е реализирана сепарациона канализациона мрежа и тоа:

- фекална канализациона мрежа.
- атмосферска канализациона мрежа

Фекална канализациона мрежа

Количина на фекална отпадна вода

За одредување на капацитетот на мрежата усвоено е 80% од максималната часова потрошувачка на вода ($Q_{мах/час}$). Количината на отпадните води во мрежата ќе се зголеми за 25% од инфилтрацијата на подземна вода.

Така се планира 3,38л/час на фекална отпадна вода.

Примарната фекална канализациона мрежа ќе биде изведена од цевки со минимален пречник од 250мм и истите се дефинирани зависно од расположивите теренски услови (падови на улиците).

На канализаицоната мрежа ќе се изведат ревизиони и приклучни шахти и др. објекти потребни за функционирање на мрежата.

Фекалната канализациона мрежа ќе се приклучи на градската канализациона мрежа.

Атмосферска канализациона мрежа

Количина на атмосферска отпадна вода

За меродавна количина за димензионирање на атмосферската канализација усвоен е интензитетот на дождот од 120л/сек/ха кој се јавува секоја втора година во времетраење од 15 минути.

$Q_{атм} = F \times \psi \times q_и$

$Q_{атм} = 8.4 \times 0,5 \times 120 = 504,0$ л/сек

$F = 8,4$ ха припадна сливна површина

$\psi = 0,5$ коефициент на истекување

$q_и = 120$ л/сек/ха специфично истекување

Примарната атмосферска канализација ќе биде изведена од цевки со минимален пречник од DN 250мм. На атмосферската канализација ќе бидат изведени ревизиони и приклучни шахти и др. објекти потребни за функционирање на мрежата.

Атмосферските води од планираниот опфат ќе се испуштаат во постојниот отворен канал кон северо запад од опфатот, на Собирна улица Бр15 по ГУП. За каналот ќе се изработи хидротехнички проект и истиот според направените димензии ќе се канализира во бетонска цевка со Ф1200мм.

6.5. ЗЕЛЕНИЛО

Во Изменување и дополнување на ДУП за дел од блок-41, се планираат основните класи на намена А2- домување во станбени згради, Г2-лесна и незагадувачка индустрија, Г3-сервиси, Г4-стоваришта, Е2 комунална супраструктура и Д2-заштитно зеленило.

Заштитното зеленило на влезот на Град Струмица, долж улицата бр.“15а” во широчина од 15м се предвидува да биде хортикултурно уредено со тревнати површини, како и засадување на високостеблести зимзелени и листопадни дрвја. Дел од заштитното зеленило е во ГП, и се задолжува следниот корисник на просторот да го почитува истото.
Се задолжува секој корисник на градежните парцели да обезбеди минимум 20% од градежната парцела за зеленило во дворното место. На овој начин се задржува процентот на озеленување во дел од блокот како што е планирано со претходен план.
Во ДУП за Блок-41, со површина од 16,7ха планираното зеленило има зафаќање од 10%,
Со Изменување и дополнување на ДУП за дел од Блок 41 се планира зелени површини надвор од намените за парковско зеленило и спорт и рекреација да бидат не помали од 20% за секоја ГП посебно. Истото е потенцирано како планска одредба во посебните услови за секоја градежна парцела посебно.

6.6.ЕЛЕКТРО-ЕНЕРГЕТСКА И ПТТ ИНФРАСТРУКТУРА

Електроенергетска мрежа и јавно осветлување

Со планскиот концепт се предвидени следните класи на намени:

- **А2 домување во станбени згради**
- **Г2 лесна и незагадувачка индустрија**
- **Г3 сервиси**
- **Г4 стоваришта**
- **Е1 комунална инфраструктура**
- **Е2 комунална супраструктура**
- **Д2 заштитно зеленило**

Во однос на електроенергетската и телефонска инфраструктура се планираат следните активности:
Опфатот ќе се приклучи на веќе постојната електроенергетска изградена инфраструктура. Во овој дел се планирани 2 нови ТС со јачина 10/0,4кв во посебни ГП. Ваквото планско решение ќе ги задоволи потребите на целиот простор со намена А2-домување со станбени згради и Г2-Г3-Г4-производство, дистрибуција и сервиси.
Вака изградената електроенергетска мрежа ќе ги задоволува потребите на новопланираните корисници на просторот.
При тоа се планира следното:
- дефинирање на просторот, односно коридорите по кои би се градела примарната електро мрежа за организирано снабдување на ниво на дел од блок, лоцирана по дефинираната улична мрежа од сервисна ул. "Цветан Димов" до новопланираните улици "бр.1", "бр.2" и "бр.3".
- дефинирање на корисниците во согласност со планираниот број на градежни парцели и тоа 12 станбени згради и 6 објекти за производство, дистрибуција и сервиси, односно вкупниот планиран број на жители на предметниот простор од 1250 жители, во планирани 345 станбени единици, односно исто толку домаќинства.
Електрична енергија треба да се обезбеди до сите потрошувачи, односно објекти кои ќе се изградат на овие површини. За одредување на вкупната едновремена моќност за планскиот опфат од 80793.98m^2 предвидени е норматив 40VA/m^2 и коефициент на едновременост од

0,4 x 80793.98m^2 x 0,04 kVA/m^2 x 0.4=1292,70 kVA

Бројот на трафостаници се одредува за ТС опрема со енергетски маслен трансформатор од 1000 kvA .

Ntr= 3030 / 1000x 0,75 =2,27 за станбените единици

Заедно со компатибилните намени Ntr=3,17

До секоја градежна парцела придвидени се 10(20)/0.4 kV кабли кои треба да се постават во инфраструктурни коридори.

Во северо-западниот дел од опфатот, каде поминува постоен 10(20)кв надземен вод е предвидено негово каблирање под земја на мал дел, заради задржување на стекнати површини за градење на ГП41-69 со претходен план. Подземното каблирање ќе биде извршено од точка А до точка Б (детално е прикажано во графичкиот дел) на сметка на инвеститорот на градежната парцела.

Приклучок на дистрибутивната мрежа на објектите ќе се изврши според добиената согласност која инвеститорот треба да ја побара од ЕВН Македонија. Барањето треба да содржи точно дефинирани електрични параметри како што се: напонско ниво, максимална инсталирана и едновремена моќност, фактор на моќност, начини на затоплување односно ладење и сл. односно податоци кои во ова фаза на изработка на планот не се дефинирани.

Телефонска мрежа

На делот од предметниот простор дел од Блок 41 на кој е изградена уличната мрежа постои телефонска инсталација за планираните и изградените објекти поврзана на примарната мрежа поставена по сервисна ул. "Цветан Димов".

Вака поставената мрежа од примарни и секундарни телефонски инсталации не ги задоволува потребите на корисниците планирани на овој простор.

Со планската документација на ниво на детален урбанистички план во делот на снабдување со ПТТ услуги на предметниот простор на ниво на овој плански документ се планира следното:

- дефинирање на просторот, односно коридорите по кои се предвидува градење на примарната мрежа за организирано снабдување со ПТТ услуги, лоцирани по дефинираната улична мрежа од од сервисна ул. "Цветан Димов" до новопланираните улици "бр.1", "бр.2" и "бр 3".

Приклучок на новите корисници ќе биде од постојната секундарна телефонска мрежа со подземни телефонски кабли. Се планира да се изградат соодветни телефонски ормани, кои ќе бидат слободностоечки и од кои што ќе се врши приклучување на градбите.

Во следна фаза, при изработка на основните проекти преку кои ќе се дефинираат детално намените и корисниците на просторот ќе се знае и потребата од евентуално нови телекомуникациски приклучоци, т.е за секоја градежна парцела посебено.

За изведба на телефонски приклучок на градежните парцели, во кои се планира градба на објекти кои ќе бидат приклучени на телефонската и комуникациска мрежа, предвидена е површина од 1,5м2 во која може да се изврши приклучувањето. Телефонските кабли треба да се постават во тротоар во инфраструктурни коридори.

7.МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

7.1. Мерки за заштита и спасување

Врз основа на чл.53, точка 1 од Законот за заштита и спасување (Сл.Весник на РМ бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 93/12 и 41/14) за Изменување и дополнување на на ДУП за дел од Блок 41, Струмица, се предвидуваат мерки за заштита и спасување на

луѓето и материјалните добра од природни непогоди и други несреќи, во мир и во војна и од воени дејста во Р.Македонија.

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат:

- при планирањето и уредувањето на просторот и населбите;
- во проектите за објекти и техолошки процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати, енергетски гасови, јавниот сообраќај, црна и обоена металургија, како и за јавна, административна, културна, туристичко угостителска дејност и
- при изградба на објекти и инфраструктура.

Начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во техничкиот прием, Владата го уредува со Уредба.

Врз основа на чл.54, од Законот за заштита и спасување (Сл.Весник на РМбр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 93/12 и 41/14), при уредувањето на просторот задолжително се обезбедуваат:

- изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства;
- регулирање на водотеците и изградба на систем на одбрамбени насипи;
- изградба на снегозаштитни појаси и пошумување на голините;
- обезбедувањена против пожарни пречки;
- изградба на објекти за заштита и
- изградба на потребната инфраструктура.

Мерки за заштита и спасување се :

урбанистичко-технички и хуманитарни и други мерки за заштита и спасување кои би се појавиле при и по природните непогоди и несреќи, а не се предвидени со овој Закон.

урбанистичко-технички мерки се:

- засолнување;
- заштита и спасување од поплави;
- заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи;
- заштита од неексплодирани убојни и др. експлозивни средства;
- заштита и спасување од урнатини;
- заштита и спасување од техничко-технолошки нестреки и
- спасување од сообраќајни несреќи.

хуманитарни мерки се:

- евакуација;
- згрижување на загрозеното и настраданото население;
- радиолошка, хемиска и биолошка заштита;
- прва медицинска помош;
- заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло;
- заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло и
- асанација на теренот.

1. Урбанистичко-технички мерки

- **засолнување**

Засолнувањето опфаќа планирање, изградба, одржување и користење на јавните засолништа, одржување и користење на изградените засолништа и на дугите заштитни објекти за заштита на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката.

Јавните засолништа се планираат согласно со програмата на Владата за мерките за заштита и спасување и Програмата на единиците на локалната самоуправа за мерките за заштита и спасување, а истите се вградени во урбанистичките планови.
Републиката има обврска за изградба на јавни засолништа само во случај на исклучително загрозени објекти што ќе ги утврди Дирекцијата врз основа на геолошко-хидролошките сеизмичките карактеристики на земјиштето и на капацитетот за задоволување на потребите за засолнување.
Единиците на локалната самоуправа има обврска да градат јавни засолништа со кој ќе ги задоволат потребните капацитети за засолнување на луѓето, материјалните добра и културното наследство на своето подрачје.
Начинот на изградба на јавните засолништа и одржувањето и користењето на веќе изградените засолништа и др. заштитни објекти и определување на потребниот број на засолнишни места со Уредба ги уредува Владата.
Тековното и инвестиционото одржување на засолништата го вршат сопствениците или корисниците на истите.
При опасност засолништето мора да се доведе во функција за основната намена во рок од 48 часа, со непречен пристап за лицата за кои е наменето. Одржувањето сервисирањето на средствата и опремата во сите засолништа и атеститањето го вршат трговски друштва, јавни претпријатија, установи и служби регистрирани за таква дејност, кои што имаат вработени лица со лиценца за вршење на таква дејност согласно со Закон.
Градежни зафати со кои се намалува заштитното својство на засолништето не се дозволени.
Засолништата и другите заштитни објекти можат да се издаваат под закуп, под услов да не се наруши нивната примарна заштитна функција.
Засолништата и другите заштитни објекти се издаваат под закуп од страна на нивните сопственици, а за засолништето и другите заштитни објекти чиј сопственик е непознат, издавањето го врши Дирекцијата.
Издавањето на засолништата и другите заштитни објекти под закуп се врши согласно со Закон.
Дирекцијата води евиденција за изградените Засолништа и другите заштитни објекти .
Начинот на водење на евиденцијата за изградените засолништа и другите заштитни објекти го пропишува директорот на Дирекцијата.

- **Заштита и спасување од поплави**

Заштитата и спасувањето од поплави опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни објекти, одржување и санирање на оштетените делови на заштитните објекти, набљудува и извидубање на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните објекти и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје, спроведување на евакуација на населението и материјалните добра од загрозеното подрачје, обезбедување на премин и превоз преку вода, спасување на загрозените луѓе на вода и под вода, црпење на водата од поплавените објекти и извлекување на удавените, обезбедување на населението во поплавените подрачја со основните услови за живот и учество на санирање на последиците предизвикани од поплавата.

- **Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи**

Заштитата и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи опфаќа мерки и активности од нормативен, оперативен, организационен, надзорен, технички, образовен, воспитен и пропаганден карактер.
Заштитата и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи се планира, организира и спроведува во сите средини, објекти и места со превентивни и оперативни мерки.

Превентивни мерки за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи се активности кои се планираат и спроведуваат со просторното и урбанистичко планирање и со примена на техничките нормативи при проектирање и изградба на објектите.
Оперативни мерки за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи се активости за откривање, спречување на ширење и гаснење на пожари и експлозии, утврдување на причините за настанување на пожари и експлозии, како и давање на помош при отстранување на последиците предизвикани од пожари и експлозии на експлозивни материи.
Државните органи, органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите се должни да имаат соодветни уреди и инсталации за заштита од пожари, друга противпожарна опрема, средства за гаснење на пожари и противпожарни апарати, според пропишани стандарди.
Инвеститорот во проектната документација за изградба на објекти, како и за објекти на кои се врши реконструкција-пренамена е должен да изгради посебен елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи.
Дирекцијата односно нејзините подрачни организациони единици се должни во рок од 5 дена од денот на приемот на писменото барање за увид во проектната документација од органот кој ја спроведува постапката за издавање на Одобрение за градење, да изврши увид и да даде согласност, за застапеноста на мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи или да даде забележки на записник, доколку на се исполнети условите за Согласност.
Директорот на Дирекцијата ја утврдува содржината на Елаботатот за заштита од пожари, експлозии и опасни материи.
Директорот на Дирекцијата ги пропижува мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи.
Одредбата од став 1 на овој член ги опфаќа сите објекти, освен станбените објекти со висина на венецот до 10,0м. и јавните објекти со капацитет за истовремен престој за 25 лица.
За објектите на кои не се однесува одредбата од став 1 на овој член се применуваат важечките мерки, нормативи и стандарди кои се однесуваат на зажтита и спасување.

-Во објекти и простори во кои се произведуваат , преработуваат, користат и складираат опасни материи, ако природата на работата не е поврзана со таква потреба, се забранува:

- употреба на отворен оган, светилки со пламен и средства за палење;
- користење на грејни уреди со отворен оган, вжарена и прекумерна загреана површина;
- складирање на материи со опасност од самозапалување;
- користење на уреди инсталации кои можат да предизвикаат пожари и експлозии;
- движење и престој на неповикани лица и
- употреба на алат кој создава искри.

За меркита за забрана од став 1 на овој член, сопственикот, односно корисникот е должен да истакне знаци за забрана и предупредување на видно место на објектот и на просторот.

-Запалливи материи не треба да се складираат на отворен простор поблиску од 6м., од објектот, на мансардите во згради, столбишта, ходници, и др. комуникации.
Отпадните и др. запалливи материи треба да се отстрануваат, односно складираат на посебно определени противпожарни обезбедени места, кои не претставуваат опасност за непосредната околина.

-Физичките лица при употреба на уреди, средства и отворен оган, се должни истите да ги користат на начин да не ја загрозуваат околината и да не предизвикаат пожари и експлозии.

-Инсталациите, уредите и постројките треба да се изведуваат на начин да не преставуваат опасност за предизвикување на пожари и експлозии.
За правилно изведување на инсталациите, уредите и постројките од став 1 на овој член се одговорни инвеститорите и изведувачите.
Инсталациите, уредите и постројките од став 1 од овој член, мораат редовно да се одржуваат во исправна состојба согласно со техничките прописи и правилата на техничката практика.
Сопственикот, односно корисникот на објектот е должен да се грижи за одржување на инсталациите, уредите и постројките од став 1 од овој член.
Ако не може да се утврди сопственикот на објектот од став 4 на овој член, обврските ги превзема корисникот.
Органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите за заштита и спасување од пожари на луѓето, материјалните добра и културните наследства мораат да ги одржуваат во исправна состојба и да ги чистат оџаците, димноводните уреди, системите за воздух, системи за воздушно и водено греење, огништа-котли за парно греење како и во инустриски и занетчиски постројки.
Одржувањето во исправна состојба на оџаците, димноводните уреди, системите за воздух, системи за воздушно и водено греење, огништа-котли за парно греење како и во инустриски и занетчиски постројки ќе се уреди со посебен правилник кој го донесува директорот на Дирекцијата.

-Државните органи, органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија, јавните установите, трговските друштва, трговци поединци и други правни лица, во согласност со Законот се должни да имаат соодветни уреди и инсталации за заштита од пожари и експлозии, друга противпожарна опрема, средства за гасење на пожари и противпожарни апарати.
Субјектите од став 1, на овој член се должни да донесат Правилник за заштита од пожари и експлозии на кои согласност дава Дирекцијата.
Содржината на Правилникот за заштита од пожари и експлозии од став2, на овој член ја пропишува директорот на Дирекцијата.
Уредите, инсталациите, опремата и средствата од став1, на овој член, задолжително треба да се наоѓаат на одредени места, да се одржуваат во исправна состојба, да бидат посебно обележани и да се секогаш достапни за употреба, согласно со Закон.

-Државните органи, органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија, јавните установите, трговските друштва, трговци поединци и други правни лица, чии објекти се наоѓаат на терени на кои нема водоводна мрежа, се должни потребниот проток и притисок на вода за гаснење на пожари да го обезбедат со изградба на бунари, резервоари, изведба на патишта до изворите на вода или на друг соодветен начин.
Јавното претпријатие или трговското друштво што стопанисува со водоводната мреча во населено место е должно да обезбеди улична хидрантска мрежа во сите делови на населеното место, соодветно да ја обележи, редовно да ја одржува во исправна состојба и реддовно да врши контрола на проточниот капацитет и притисок на вода во хидрантската

мрежа, а најмалку еднаш годишно во најкритичниот период, како и да ја стави на располагање техничката документација на противпожарната единица на нехговото подрачје.
Техничките нормативи за хидратантската мрежа за гаснење на пожари ги пропишува директорот на Дирекцијата.

-Изведувачот на работи на пат или улица, со кој се запира сообраќајот или водоснабдувањето на хидрантска мрежа за гаснење на пожари е должен најмалку 24 часа, пред отпочнување на работите за тоа да ја извести против пожарната единица.
На барање на пожарната единица, јавното претпријатие кое вши дистрибуција на електрична енергија е должно веднаш да пристапи кон искључување на напојувањето со електрична енергија на опожарените објекти и простори.

-Во објекти или на простор каде што постои зголемена опасност за настанување на пожари се организира противпожарна стража, опремена со соодветни уреди, техничка опрема и средства за за гаснење на пожари и експлозии, се додека таа опасност не престане.
Противпожарна стража од став 1, на овој член, се организира особено во следниве случаи:

- за време на одржување на јавни собири и приредби каде што постои зголемена опасност од појава на пожари;
- при преточување на запалливи течности и гасови во количества над 5м^3;
- при заварување, употреба на отворен пламен или алат шти искри во простор кој не е посебно прилагоден за таа намена, доколку постои зголемен ризик за настанување на пожар;
- на отворен простор (шуми, национални паркови, заштитени подрачја, новопошумена површина, парк-шуми, пасишта и земјоделски повшини), во време кога постои зголемена опасност за настанување на пожари и
- заради контрола на опожарена површина и објекти.

Противпожарната стража од став 2, на овој член, се должни да ја организираат организиторите на јавни собири, приватните лица кои вршат преточување на запалливи течности и гасови согласно со ставот 2, алинеа 2, на овој член, изведувачите на работите од ставот 2, алинеа 3, на овој член и правните лица, односно сопствениците кои стопанисуваат со површините од ставот 2, алинеи 4 и 5, на овој член.
Поставување на стражата од ставот 2, на овој член може да нареди одговорното лице на територијалната противпожарна единица, односно раководителот на подрачната организациона единица за заштита и спасување.

-Сопствениците, односно корисниците на станбени објекти со повеќе од 4 стана како и сопствениците односно корисниците на деловни и индустриски објекти кои не изработуваат планови за заштита и спасување, се должни да имаат:
- “Пожарен куќен ред“, поставен на видно место во објектот

Пожарниот куќен ред од став 1 на овој член содржи:

- мерки за заштита од пожари, соодветни на животните и работните услови во објектот;
- организација за заштита од пожари и
- упатство за заштита во случај на пожари.

- **Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства**

Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства опфаќа пребарување на теренот и пронаоѓање на неексплодирани убојни средства, обележување и обезбедување на теренот, онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и

други експлозивни средства како и транспорт до определеното и утврдено место за уништување и безбедност и мерки за време на транспортот
Онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на местото на пронаоѓање, ако за тоа постојат безбедносни услови.
Ако не се исполнети условите од став2, од овој член, уништувањето на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на претходно определени и уредени места за таа намена.
Стандардните оперативни процедури за заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства ги пропишува директорот на Дирекцијата.

- **Заштита и спасување од урнатини**

Заштита и спасување од урнатини опфаќа превентивни оперативни мерки. Превентивни мерки за заштита од уривање се активностите кои се планираат и спроведуваат со просторно и урбанистичко планирање и со примена на техничките нормативи при проектирање и изградба на објекти.
Оперативни мерки за спасување од урнатини се активностите за извидување на урнатините, пронаоѓање на затрупаните, осугурување на конструкцијата на оштетените и поместени делови на објектите заради спречување на дополнително уривање, превземање на мерки за заштита од дополнителни опасности, извлекување на затрупаните, давање на прва медицинска помош и извлекување на материјалните добра.

- **Заштитата и спасувањето од техничко технолошките несреќи**

Заштитата и спасувањето од техничко технолошките несреќи опфаќа превземање на превентивни оперативни мерки во индустриските објекти кои во производниот процес употребуваат материи или постројки што предизвикуваат висок степен на загрозеност на луѓето и материјалните добра.
Превентивни мерки за заштита и спасување од техничко технолошките несреќи се активности кои се планираат испроведуваат со просторно и урбанистичко планирање, со примена на техничките нормативи при проектирање и изградба на индустриски објекти, редовно одржување на инсталациите и опремата, како и примена на прописите од областа на безбедноста и здравјето при работа. Оперативни мерки за заштита и спасување од техничко технолошките несреќи се активностите за спречување на настанување и намалување и отстранување на предизвиканите последици.

- **Спасување од сообраќајни несреќи**

Спасувањето од сообраќајни несреќи опфаќа мерки и активности за спасување при настанати големи несреки во патниот, железничкиот, воздушниот и водениот сообраќај во кој има поголем број на повредени и загинати лица и /или е предизвикана голема штета.
Оперативни мерки за спасување се активности за извидување, пронаоѓање и извлекување на повредените и загинати лица, у кажување на прва медицинска помош и транспорт до соодветните транспортни установи, како и учество при отстранување на последиците предизвикани од сообраќајните несреќи.

2. Хуманитарни мерки

- **Евакуација**

Со евакуација се врши планско, организирано и контролирано преместување на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката, загрозени во побезбедните подрачја.
Евакуацијата се извршува доколку со други мерки не е можно да се спречат последиците од природни непогоди и други несреќи.

- Населението од подрачјето од кое се врчи евакуација, може да се евакуира во друга општина на одредено место и во одредено време. Евакуацијата на населението во друа општина не смее да доведе до наршување во извршувањето на нејзините надлежности.

Општината на чие подрачје е сместено евакуираното население ги покрива трошоците за обезбедување на основните услови за живот (сместување, исхрана, здравствена заштита и образование), со што надоместокот за направените трошоци се на товар на општината од која е евакуираното население, односно на товар на Републиката.

- **Згрижување на настраданото и загрозеното население**

Згрижувањето опфаќа прифаќање, сместување и обезбедување на основни услови за живот на настраданото и загрозеното население. Републиката и единиците на локалната самоуправа се должни да обезбедат сместување и итно згрижување на населението, кое поради природни непогоди и др. несреќи, останало без дом и средства за живеење и кое поради загрозеност се задржува надвор од своето место на живеење.

Републиката и единиците на локалната самоуправа од кои се згижува населението ги покриваат трошоците за сместување и обезбедување на основните услови за живот.

- **Радиолошка, хемиска и биолошка заштита**

Радиолошката, хемиската и биолошката заштита опфаќа мерки и активности за заштита на луѓето, добитокот и растенијата со навремено откривање следење и контрола на опасностите од последиците од несреќи со опасни материи, како и последицита од радиолошки, хемиски и биолошки агенси и превземање на мерки и активности за отстранување на последиците од нив.

Сопствениците на објекти во кои се произведуваат и складираат опасни материи, сопствениците на транспорни средства, сопствениците и корисниците на објектите и урадите кои се наменети за јавно снабдување со вода со производство сообраќај и складирање на прехрамбени производи, лекарства и сточна храна, јавните здравствени служби, како и сопствениците на објекти во кои се врши згрижување и образование на децата, се должни да обезбедат заштитни средства и да ги спроведуваат стандардите и процедурите за радиолошка, хемиска и биолошка заштита.

- **Прва медицинска помош**

Прва медицинска помош опфаќа превземање на мерки и активности за укажување на прва медицинска помош со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето – заболувањето, медицинска тријажа на повредените и заболените и транспорт до најблиските здравствени установи.

- **Заштитата и спасување на животни и производи од животинско потекло**

Заштитата и спасувањето на животни и производи од животинско потекло опфаќа превентивнни и оперативни мерки и активности за заштита од животинско потекло од дејствата на природните непогоди, епизоотии и др. несреќи,

Превентивните мерки за заштитата и спасувањето на животните и производите од животинско потекло ги спроведуваат надлежните органи и институции во нивното секојдневно работење.

Во спроведување на оперативните мерки, покрај надлежните органи и институции учествува и Дирекцијата со своите единици и тимови, со укажување на прва ветеринарна помош на повреден, заболен и контаминиран добиток со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето и транспор до соодветните ветеринарни установи.

- **Заштита и спасување на растенија и производи од растително потекл потекло**

Заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло опфаќа првентивни и оперативни мерки и активности за заштита од растителни болести, епифитотии,

штетници, плевели, радиолошка, хемиска и биолошка контаминација и др.видови на загрозување.

Превентивните мерки за заштитата и спасувањето на растенија и производи од растително потекло ги ги спроведуваат надлежните органи и институции во нивното секојдневно работење.

Во спроведување на оперативните мерки, покрај надлежните органи и институции учествува и Дирекцијата со своите единици и тимови.

- **Асанација на теренот**

Асанација на теренот опфаќа пронаоѓање собирање идентификација, транспорт и погребување на загинати и умрени лица, собирање, транспорт и закоп на угинати животни, собирање и уништување на сите видови на отпадни и др.опасни материи што го загрозуваат животот и здравјето на луѓето, дезинфекција, дезинсекција и дератизација на теренот и објектите како и асанација на објектите за водоснабдување.

При примена на планските решенија на оваа Изменување и дополнување на ДУП за дел од блок-41, Општина Струмица, за што не е регулирано со овие услови да се применуваат стандардите и нормативите утврдени со Законот за заштита и спасување (Сл.Весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 93/12 и 41/14), Процена за загрозеност на Република Македонија од природни непогоди и др. несреќи (Сл.Весник на РМ бр. 117/07), Методологија за содржината и начинот на проценување на опасностите и планирање на заштитата и спасувањето (Сл.Весник на РМ бр. 76/06) и Уредбите за спроведување на заштитата и спасувањето од пожари и урнатини (Сл.Весник на РМ бр. 98/05).

7.2. Мерки за заштита на животната средина

Законската регулатива со која се регулира животната средина релевантна за изработка на Изменување и дополнување на ДУП за дел од блок-41, општина Струмица, е следна:

- Закон за животна средина (Сл.Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14).
- Закон за заштита на природата (Сл.Весник на РМ бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14).
- Закон за квалитет на амбиентниот воздух (Сл.Весник на РМ бр. 67/04, 92/07, 35/10, 47/11, 59/12, 100/12, 163/13).
- Закон за уравување со отпадот (Сл.Весник на РМ бр. 68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/10, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13).
- Закон за заштита од бучава во животната средина (Сл.Весник на РМ бр. 79/07, 124/10, 47/11, 163/13).
- Закон за заштита и спасувањье (Сл.Весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 93/12, 41/14).
- Закон за водите (Сл.Весник на РМ бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14).
- Уредба за класификација на водите (Сл.Весник на РМ бр. 18/99)
- Уредба за категоризација на водите (Сл.Весник на РМ бр. 18/99)
- Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 167/13, 37/14)

  и други законски и позаконски акти.

Просторот што го опфаќа планот е на површина од 80793.98м^2 и е предвиден за изградба на објекти :

- **А- домување**

А2-домување во станбени згради

- **Г-производство дистрибуција и сервиси**

Г2- лесна и незагадувачка индустрија
Г3- сервиси
Г4- стоваришта

- **Е-инфраструктура**

Е1- комунална инфраструктура
Е2- комунална супраструктура

- **Д-зеленило и рекреација**

Д2- заштитно зеленило

Основните загадувачи на просторот претставуваат постоење на моторен сообраќај и за загадување предизвикано од начинит на загревање на објектите. Имајќи ја оваа состојба во предвид, може да се изврши поделба на три основни групи на загадување со дадени основни смерници и мерки за заштита на истите:

- аерозагадување и мерки за заштита,
- загадување на почва и подземни води и мерки за заштита,
- извори на бучава и мерки за заштита,

Со Закон за заштита на животната средина (Сл.Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 47/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14) се уредени правата и должностите на Република Македонија, на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје, како и правата и должностите на правните и на физичките лица, во обезбедувањето на условите за заштита и за унапредување на животната средина , заради остварување на правата на граѓаните на здрава животна средина.

Со цел да се воспостави системот за заштита на животната средина при процесот на изготвување на Изменување и дополнување на ДУП за дел од Блок 41, општина Струмица, потребно е да се има во предвид следното:

- Согласно Законот за животна средина (Сл.Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 47/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14) и Закон за заштита на природата (Сл.Весник на РМ бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14) правните или физичките лица кои вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина, се должни да изработат **Елаборат за заштита на животната средина**, со цел да се оцени влијанието на дејностите врз животната средина, пред да започнат со спроведувањето на проектот и истите да го доставаат до Органот надлежен за одобрување на спроведување на проектот;
- Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кои се загрозиле неговите природни вредности, квалитетот, количината и режимот на површинските и подземни води;
- Задолжителна имплементација на уреди за **редукција или целосна елиминација на емисиите во атмосферата,** со цел да се зачува квалитетот на амбиентниот воздух.
- Предвидување на соодветни технички зафати за **пречистување на отпадните води** и имплементација на технологии кои ќе овозможат нивно повторно искористување за истата или друга цел;
- Задолжително **испитување на пречистените отпадни води** пред испуштахе во најблискиот реципиент со цел да се усогласат вредностите на концентацијата на

материите присутни во пречистената отпадна вода со граничните вредности на макс. дозволените концентрации на материите присутни во реципиентот, согласно Уредбата за класификација на водата и Уредбата за категоризација на водите;

- Согласно член 7, од Закон за уравување со отпадот (Сл.Весник на РМ бр. 68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/10, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13). Создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. При **управување** со отпадот по претходно извршената селекција, отпадот треба да биде преработен по пат на рециклирање повторно употребен или во ист или во друг процес за екстракција на секундарните суровини или да се користи како извор на енергија;
- После соодветниот третман се препорачува задолжително **депонирање на отпадните материи** во локалната депонија;
- Да се планира и изведба на **современа инфраструктура** и имплементација на **современи чисти технологии** во идните инустриски капацитети;
- Да се обезбеди заштита на планираните коридори наменети за енергетска инфраструктура од градба на објекти и др.инфраструктура.

Капацитетот за заштита на животната средина базира на општите и посебни цели и насоки за заштита на посебните природни вредности, меѓу кои амбиенталните, естетските и рекреативните потенцијали на просторот. Токму затоа, при планирањето на Локалната урбанистичко планска документација, потребно е да се посвети посебно внимание на:

- Заштитата за унапредувањето и адекватното користење на природните предели, амбиентите и пејсажите во предвидениот простор;
- Обезбедување на заштитен појас со високо зеленило во поглед на комплексната заштита на просторот, посебно покрај сообраќајниците, и богато хортикултурно уредување на комплексот;
- При изработка на Урбанистичкиот план да се имплементираат плански мерки за заштита на биодиверзитетот.

Потребно е да се потенцира дека создавачот или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во шивотната средина

7.3. Мерки за заштита на природно наследство

Од областа на заштита на природата (**природно наследство и биолошката и пределската разновидност**), урбанистичките планови треба да се усогласат со Просторниот план на Републиката на тој начин што, врз основа на режимот за заштита, ќе се организира распоред на активности и изградба на објекти кои ќе се усогласат со барањата кои ги поставува одржливото користење на природата и современиот третман на заштитата.

Посебно внимание при заштитата на природата, треба да се обрне на начинот, видот и обемот на изградбата што се предвидува со заштитените простори за да се одбегнат или да се надминат судирите и колизиите со инкомпатибилните функции. За таа цел е неопходно почитување на следните принципи:

- оптимална заштита на просториите со исклучителна вредност;
- оптимална заштита на производните природни потенцијали и унапредување на природните блага;
- зачувување на доминантните карактеристики на постојната состојба;
- рационална изградба на инфраструктурата;

- концентрација и ограничување на изградба;
- оптимална изградба на рекреативната инфраструктура;
- правилен избор на соодветна локција.

Според Законот за заштита на природата (Сл.в. на РМ, бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 41/14) и **Законот за животна средина** (Сл.в. на РМ, бр. 53/05, 81,05/, 24/07, 159/08, 83/09, 47/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14), потребно е внесување на мерки за заштита на природата при планирањето и уредувањето на просторот кои треба строго да се почитуваат.

Доколку при изработка на Изменување и дополнување на ДУП за дел од Блок 41, општина Струмица, или при уредувањето на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кои можат да бидат загрозени со урбанизација на овој простор, потребно е да се предвидат следните мерки за заштита на природното наследство:

- Утврдување на границите и означување на сите објекти прогласени и предложени за прогласување како природно наследство;
- Забрана за вршење на какви било стопански активности кои не се во согласност со целите и мерките за заштита утврдени со правниот акт за прогласување прирдното добро или просторениот план за подрачје со специјална намена;
- Во подрачјата и зоните со строга заштита дозволени се само научно-истражувачки активности;
- Во просторите со карактер на природно наследство дозволено е користење на растителни и животински видови само во санитарно-здравствени цели;
- На подрачјата кои се преложени за заштита како природно наследство, изградбата и уредувањето до прогласувањето на истите мора да се врши согласно претходно направената валоризација на природните вредности и влијанијата врз животната средина;
- Магистралната и останатата инфраструктура (надземна и подземна) да се води надвор од објектите со природни вредности, а при помали зафати потребно е нејзино естетсо вклопување во природниот пејзаж;
- Воспоставување на мониторинг, перманентна контрола и надзор на објектите со природни вредности и преземање на стручни и управни постапки за санирање на негативните појави;
- Воспоставување на стручна соработка со соодветни институции во окружувањето.

Покачување на начелата за заштита на природата е согласно Законот за заштита на природата (Сл.весник на РМ, бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14).

7.4. Културно-историско наследство

Во своето милениумско постоење, човековата цивилизација од праисторијата до денес, на територија на Р. Македонија, оставила значајни траги од вонредни културни, историски и уметнички вредности, кои го потврдуваат постоењето, континуитетот и идентитетот на македонскиот народ на овие простори.

Просторниот аспект на недвижното културно наследство е предмет на анализа во корелација со долгорочната стратегија за економски, општествен и просторен развој, односно стратегија за зачувување и заштита на тоа наследство во услови на пазарно стопанство.

Согласно Законот за заштита на културното наследство (Сл. Весник на РМ бр. **20/04, 115/07 и 18/11, 178/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14**), видови на недвижно културно наследство се: спомениците, споменички целини и културни предели.

При изработка на планска документација од пониско ниво, да се утврди точната позиција на утврдениот **локалитет со културно наследство** и во таа смисла да се применат плански мерки за заштита на недвижното културно наследство:

- задолжитенен третман на недвижното културно наследство во процесот на изработката на просторните и урбанистичките планови од пониско ниво заради обезбедување на плански услови за нивната заштита, остварување на нивната културна функција, просторна интеграција и активно користење на спомениците на културата за соодветна намена, во туристичкото стопанство, во малото стопанство и услугите и во вкупниот развој на државата;
- планирање на реконструкција, ревитализација и конзервација на најзначајните споменички целини и објекти и организација и уредување на контактниот, околниот споменички простор заради зачувување на нивната културно-историска димензија и соодветна презентација;
- измена и дополнување на просторните и урбанистичките планови заради усогласување од аспект на заштита на недвижното културно наследство.

Согласно со Законот за Просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 199/14), во просторните и урбанистички планови, врз основа на документацијата за недвижното културно наследство, задолжитевно се утврдуваат плански мерки за заштита на спомениците на културата, како и насоки за определување на режимот на нивната заштита.

Вградувањето соодветен режим за заштита на недвижното културно наследство во просторен и урбанистички план се врши според заштитно-конзерваторски основи за културно наследство (Согласно член 71 од Законот за заштита на културно наследство).

Да се почитува Член 65 од Законот за заштита на културното наследство, (Сл.весник на РМ бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15 и 39/16) при наоѓање археолошки наоди во тек на реализација на планот.

Недвижното културно наследство, без оглед дали е во прашање градителска целина или поединечен објект, како заедничко културно богатство на светот, во просторните и урбанистичките планови треба да се третира на начин кој ќе обезбеди негово успешно вклопување во просторното и организационото ткиво на градовите и населените места или пошироките подрачја и потенцирање на неговите градежни, обликовни и естетски вредности.

7.5. Плански мерки за создавање услови за движење за хендикепирани лица

Се предвидуваат следните плански мерки за создавање услови за непречено движење на инвалидизираните и хендикепирани лица

- јавните пешачки површини, улици, пристапите до јавните објекти и станбените блокови мора да се планирани и изведени на начин на кој ке им овозможи на лицата кои користат инвалидски помагала или колички и други помагала (звучни сигнали и светлосни сигнали и сл.)
- за совладување на помали висински разлики со инвалидска количка се изведуваат рампи. За рампи се сметаат цврста, израмнета, рапава површина која поврзува две различни висини со наклон 1:20 (5%) со минимална широчина на рампата од 1,30м, со заштитна ограда од 0,90м.
- сите жардињери за цвеќе, украсни огради и други елементи не смеат да го спречуваат или отежнуваат движењето на инвалидизираните лица по пешачките патеки-тротоари.

8.ЕКОНОМСКО ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА НАЧИНОТ, ОБЕМОТ И ДИНАМИКА НА ФИНАНСИРАЊЕ

Процесот на урбанизација на просторот се одвива во општествено економски услови во кои приватната иницијатива има значајно место и насочувачка улога во дефинирањето на перспективниот долгорочен просторен развој. Во тој контекс, приватната иницијатива и инвестиции за изградба на станбена зона со висок стандард, како и проширување на индустрискиот комплекс, би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз непосредното окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот и се разбира економски ефекти преку новопланираните содржини.

Фактори кои овозможуваат економска оправданост за изработка и понатамошна побрза реализација на планот се:

- Конфигурацијата на теренот: рамен терен,
- Не оптеретеноста на просторот со објекти - поголем процент на неизградено градежно земјиште, а помал процент на кој има изградени градби кои се постари и кои не се изгардени со современи материјали.
- Уличната мрежа - собирна улици е делумно реализирана, но профилот не е изведен како што е планиран по ГУП. Останатите индустриски, станбени и пристапни улици планирани со преходниот ДУП, како и со овој што сега се изработува не се реализирани,
- Дел од инфраструктурата (водовод, канализација, атмосферска канализација, електрика како и телефонски инсталации) е изведена и истата треба да се надополни за да може да ги опслужува новопредвидените градби.

Планскиот концепт предвидува ново урбанистичко планирање на просторот со основна цел:

- зголемување на степенот на работа;
- зголемување на потребите за станбен простор;
- да обезбеди уредување на просторот со плански одредби кои ќе ја штитат и стимулираат приватната сопственост;
- сукцесивно зголемување на стекнатите права во однос на сопственоста на објектите и градежното земјиште;
- со плански одредби да ја зголеми вредноста на земјиштето и недвижнините.

Изменување и дополнување на ДУП за дел од Блок 41, Струмица, со законска регулатива треба да предложи решенија кои ќе обезбедат точен степен на искористеност на градежното земјиште, да се постигне висок степен во однос на површината, квалитетна градба со употреба на квалитетни и современи материјали со цел да се постигнат естетски вредности на објектите, а со тоа и на просторот.

9.ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО

Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите кои важат за целата површина на планскиот опфат и служат за спроведување на урбанистичкиот план, односно изготвување на решение за локациски услови.

- **Граница на плански опфат**, планска одредба со која се уредува границата на градежното земјиште на дел од Блок 41.

Површината на планскиот опфат утврденена со Измена и допонување на ДУП за дел Блок 41, Струмица, е со површина од 80793.98м^2 и со периметар од 2065.23м'.

- **Регулациона линија** е линија која ја дефинира наменската употреба и претставува гранична линија меѓу различни намени на земјиштето, линија на разграничување помегу градежното земјиште за општа употреба и парцелираното градежно земјиште за поединечна употреба. Во случајов регулационата линија е секаде преклопена со линијата на тротоарите или линијата на ГП.
- **Граница на градежна парцела** е линија на разграничување на носители на право на градење помеѓу две соседни градежни парцели.
- **Градежна линија** е линија која ја определува површината за градба на градбата во рамките на градежната парцела. Во поголемиот дел од опфатот таа е на 5м од Регулационата линија или лицето на градежните парцели. Во делот кон Границите на градежните парцели таа е поставена на 10м. Линијата варира само во делот на ГП кои се во тек на градба или со стекнати прави со претходен детален урбанистички план.

  Во ГП 41.60 и ГП 41.65 градежната линија дава апроксимативна површина за градење.
